Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 3**

**31.01.2022**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за изградба на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за изградба на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар донесена на 5-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-137/1 Општина Демир Хисар**
**31.01.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.2/05) и член 43 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на Демир Хисар седница одржана на ден 28.01.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за изградба на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на иницијативниот одбор за изградба на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар, во износ од 119.603,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се предвидени во Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година – програма А0 – Совет на општината, потставка – 404150 - Други надоместоци, за надомест за членовите на Советот на општина Демир Хисар за месец Јануари 2022 година и истите ќе се пренаменат во програма А0 – Совет на општината, на потставка 464990- Други трансфери и ќе се уплатат на сметката на иницијативниот одбор за изградба на храм ,,Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17-96/2 Совет на Општина Демир Хисар
28.01.2022 година Претседавач
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2021 година**

1.Ја објавувам Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2021 година донесена на 5-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-137/2 Општина Демир Хисар**
**31.01.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 129 з и ставовите 1, 2 и 4 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.01.2022 година, донесе:

Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2021 година, изготвен од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар, кој е составен дел на Одлуката.

Член 2

Годишниот извештај по усвојувањето се доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на понатамошна постапка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-96/3 Совет на општина Демир Хисар
28.01.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

1.Ја објавувам Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности донесена на 5-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-137/3 Општина Демир Хисар**
**31.01.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16) а во согласност со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21)како и членовите 13 и 14 од Уредбата за изработка на процената на

загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процена ("Службен весник на РМ" бр.13/11), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.01.2022 година, донесе

Одлука
За редовно ажурирање на Проценатa на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности

Член 1

Се донесува одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.

Со стапувањето во сила на Одлуката, започнуваат активностите за ажурирање на Процената, координирани од страна на Подрачното одделение на регионалниот Центар за управување со кризи Демир Хисар.

Член 2

Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17- 96/4 Совет на општина Демир Хисар
28.01.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

---------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1.Одлука за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за изградба на храм „Свети Кирил и Методиј" во Демир Хисар---------------------------------------1
2.Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2021 година-------------------------------------2
3.Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности-----------------------------------3

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**